**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

**во функција на поддршка во изучувањето на јазикот наменета за**

**децата со странско државјанство или децата без државјанство, децата бегалци, барателите на азил, децата со статус на признаен бегалец, деца под супсидијарна заштита и деца под привремена заштита кои престојуваат во РСМ и се во редовна настава**

**(1)**

**Скопје, 2021 година**

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Македонски јазик во функција на поддршка во изучувањето на јазикот наменета за децата со странско државјанство или децата без државјанство, децата бегалци, барателите на азил, децата со статус на признаен бегалец, деца под супсидијарна заштита и деца под привремена заштита кои престојуваат во РСМ |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Одделение** | Програмата е наменета како поддршка во изучувањето на македонскиот јазик на децата со странско државјанство или децата без државјанство, децата бегалци, барателите на азил, децата со статус на признаен бегалец, деца под супсидијарна заштита и деца под привремена заштита кои престојуваат во РСМ, **а кои се во редовната настава.**<br><br>Програмата се користи за надополнување на знаењата од јазикот и е основа за индивидуализираната настава која наставникот ќе ја реализира во согласност со возраста на ученикот/чката, но во рамкте на предложените содржини овде. |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 1 час неделно |
| **Цели на наставна програма** | Ученикот/ ученичката:<br>-да се оспособи да слуша и разбира искази, фрази и често користени зборови од области од непосредното опкружување;<br>-да се оспособи да слуша и разбира куси и едноставни соопштенија, пораки и куси текстови;<br>-да се оспособи да чита и разбира реклами, мапи, возни редови, брошури;<br>- да се оспособи за самостојно читање со разбирање едноставни текстови;<br>-да се оспособи за куси разговори за размена на информации на познати теми и активности;<br>-да се оспособи за користење на јазикот во функција на продукција на фрази и реченици во кои се опишува семејството, околината, училиштето;<br>-да се оспособи да чита и пишува на македонски стандарден јазик белешки, пораки, куси писма;<br>-да се оспособи да составува куси реченици на изучени теми, теми поврзани со наставните предмети кои ги изучува;<br>-да знае да пронајде и издвои информација, податок, задача во текст од учебник или друго наставно помагало и да го објасни/коментира. |

| | |
|---|---|
| **Компоненти на наставната програма** | Слушање, зборување, читање и пишување |
| **Материјално-технички и просторни услови** | Наставата се организира во училница или во кабинет каде се обезбедени соодветни услови за разботи пропишани според Норматив донесен од министерот за образование и наука. |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата ја реализира предметниот наставник по предметот Македонски јазик кој реализира настава во училиштето |
| **Граматички содржини** | Фонетика<br>Гласовен систем на македонскиот јазик: артикулација на гласови и правоговор<br>Поделба на гласовите: самогласки и согласки; самогласно р<br>Поделба на согласките по звучност<br>Акцентот и реченичната интонација во македонскиот јазик<br>Правопис: интерпункциски знаци-употреба<br>Усвојување на правописните правила при гласовната промена едначење по звучност<br>Морфологија<br>Именки – род, број и определеност<br>Придавки – род, број и определеност<br>Заменки – употреба на формите од личните заменки<br>Броеви- препознавање, читање и пишување на броевите до 1000<br>Глаголи – категории на глаголи: вид, лице, број и време<br>Временска оска: минато-сегашно време-идно време<br>Прилози, предлози и сврзници<br>Структура на реченица: подмет, прирок, предмет, прилошка определба |
| **Тематско-комуникациски целини** | Јас и другите<br>Мојата училница<br>Поими и процеси од наставните предмети математика и природни науки<br>Ориентација во време и простор<br>Храна, видови оброци, рецепти<br>Природа и околина<br>Опис/и на природата, личности<br>Искажување на молба, заповед и разбирање |

| Ред. број | Резултати од учење<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да: | Содржини и поими[1] | Активности и методи | Стандарди за оценување на постигањата<br>Ученикот/ученичката може да: |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Слушање** | | | |
| | -реагира на изговорот и интонацијата (на говорот) на наставникот (или на звучен запис) на македонски јазик;<br><br>-го препознава акцентот на зборовите и реченичниот акцент, паузите во реченицата и помеѓу речениците;<br><br>-препознава, слуша и повторува едноставни расказни и прашални реченици;<br><br>-слуша и разбира фрази за активности од | Јас и другите<br>Мојата училница<br>Од наставните предмети математика, природни науки, биологија, хемија, физика (поими и процеси)<br>Ориентација во време и простор<br>Храна, видови оброци, рецепти<br>Природа, околина, градови и села<br>Опис/и на природата, личности<br>Искажување на молба,заповед и разбирање<br><br>Слушање и артикулација на гласови од македонскиот гласовен систем<br><br>Акцент (правилно акцентирање и интонирање на говор/текст на стандарден македонски јазик)<br><br>Слушање текстови со именки и придавки<br><br>Слушање текстови и дијалози со правилна употреба на личните заменки, формите од личните заменки и глаголите сум и има | Наставникот ги поттикнува на интерактивно слушање, слушање со разбирање.<br>Покажува цртежи, фотографии, постери и друг илустративен материјал за одредената тема и поврзано со одредени наставни предмети.<br>Слушање текстови од аудитивни/аудо-визуелни снимки или прочитани од наставникот.<br>Разговорни вежби во врска со слушнатите текстови од различни функционални стилови. Слушање на акцентот и репродукција на слушнати реченици со правилно акцентирање( во вежбата се користат различни видови реченици).<br><br>(Прашални реченици – едноставни *да/не*-прашања и *кој*-прашања).<br>Прашања и одговори, симулации на реални ситуации за увежбување | -изговора зборови со правилна реченична интонација;<br>-разбира куси реченици;<br>-прави разлика помеѓу исказна и прашална реченица;<br>-разбира искази во кои се изразува молба, заповед и заблагодарување;<br><br>-посочува одредени слушнати предмети;<br>-репродуцира зборови кои ги изговара наставникот;<br>-препознава, посочува и набројува предмети во училницата и основниот училиштен прибор;<br>-комуницира на едноставен начин со соговорник употребувајќи различни видови |

[1] Во оваа колона се дадени **предлог - содржини** за постигање на дадените резултати од учењето, истите можат да се модифицираат, но да водат кон постигање на дефинираните резултати од учење.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | непосредното опкружување;<br><br>-слуша и разбира соопштенија, пораки и информации од кратки текстови;<br><br>-разменува едноставни информации со другите говорители, како највисока форма на слушање со разбирање. | Слушање и препознавање броеви<br><br>Слушање текстови во кои се употребени различни глаголски времиња (сегашно, минато определено и идно време)<br><br>Слушање и препознавање на содржини од различни теми<br><br>Препознавање на лексика и одредување на тема во слушнат текст<br><br>Активно слушање делови од содржини и наставни материјали од задолжителните предмети.<br><br>Поими: акцент, интонација, слушање, разбирање, слушател, говорител, информација, исказ | на зборовен акцент и реченична интонација.<br>Именување на училиштен прибор и инвентар и кусо опишување.<br>Посочување предмети во училницата и во училишното опкружување со помош на именски зборовни состави и едноставни потврдни и одречни реченици заситени со имиња на предмети и придавки кои ги опишуваат.<br><br>Вежби и активности за слушање и репродуцирање на искази со употреба на лични заменки и формите од личните заменки. (Наставниците можат да користат аудио и аудиовизуелни снимки односно секвенци и кратки дијазлози кои се одвиваат во подолго видео и истото да го репродуцираат)<br>Наставни активности за работа на учениците во двојки – препознавање збор, поим и слично и поврзување на изучени наставни содржини по различни предмети.<br>Прашања и одговори со симулации на реални ситуации и создавање дијалози по илустрации и цртежи.<br>Водење куси дијалози според вообичаени секојдневни комуникациски ситуации.<br>Вежби за повторување/репродуцирање на | реченици според модалноста;<br><br>-повторува и коментира пораки и информации. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | синтагми и зборовни состави во функција.<br>Деновите од неделата, броевите, заменките се слушаат и се повторуваат со механичко меморирање според *редоследот*.<br>Во контекст со глаголот *сум* се користат во куси реченици во кои е содржан прилогот за време *денес*.<br>Се води едноставен разговор за дејства што се вршат во определен ден од неделата.<br>Вежби за искажување молба, заповед и разбирање.<br><br><br>Забелешка: Наставникот постојано внимава на артикулирањето на гласовите и тоа е најважниот дел при реализирањето активности во совладувањето на вештината слушање.<br><br>**Методи**: аудио-визуелен метод, аудио-лингвален метод, интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен). | |

| **Ред. број** | **Резултати од учење**<br><br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Стандарди за оценување на постигањата**<br>**Ученикот/ученичката може да:** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | **Зборување** | | | |
| | -составува куси искази користејќи често употребуван зборови и зборови од предложените темаски целини;<br>-поставува и одговара на едноставни прашања во рамките на обработените јазични содржини, во пораки и соопштенија;<br><br>-изговара правилно гласови од македонскиот гласовен систем;<br>-акцентира зборови според правилата на македонскиот стандарден јазик,<br>-интонира правилно куси прости реченици – расказни, прашални и извични;<br><br>-соодветно употребува именки, придавки и заменки во куси искази и прашања;<br><br>-користи соодветно време во искажувања кои се | Јас и другите<br>Мојата училница<br>Од наставните предмети математика, природни науки, биологија, хемија, физика (поими и процеси)<br>Ориентација во време и простор<br>Храна, видови оброци, рецепти<br>Природа, околина, градови и села<br>Опис/и на природата, личности<br>Искажување на молба,заповед и разбирање<br>Гласовен состав -артикулација<br><br>Акцентот и реченичната интонација во македонскиот стандарден јазик<br><br>Правоговор: артикулација на гласови (изделено, во различни позиции на зборот, во зборовни состави со повторување)<br><br>Именки – род, број и определеност (именувања од секојдневниот живот и непосредната околина)<br>Употреба на придавки во соодветните категории: род, број, определеност<br>Лични заменки и форми од лични заменки (дијалози, кратки раговори)<br><br>Употреба на минато определено време, сегашно време и идно време (низ примери) | **Активности**<br><br>Вежби за правилен изговор на самогласките и согласките, за правилно акцентирање и правилно интонирање на различни видови реченици<br><br>Вежби со употреба на: сопствени именки и општи именки што именуваат роднински односи или другарски и социјални релации, заменки, придавки, броеви, глаголи.<br><br>Вежби во функција на поздравување, обраќање, културно однесување<br><br>Вежби во функција на претставување и увежбување лични заменки, форми од лични заменки и показни заменки.<br><br>Вежби за претставување членови од потесното семејство и увежбување показни заменки.<br><br>Честитање и пеење пригодни песни зависно од празникот кој се прославува (Среќен роденден, Среќна Нова година, Среќен Велигден, Среќен Бајрам....)<br>Вежби во функција на увежбување | -користи куси реченици и се претставува;<br>-се претставува себеси, членовите од семејството и заедничките релации;<br>-именува предмети и набројува предмети од неговото опкружување (домашно и училишно) ;<br>-користи соодветни зборови, изрази и фрази за да соопшти информација<br><br>-ги повторува гласовите во состав на слог и збор;<br>-ги кажува и применува правилата за акцентирање;<br>-ги употребува/применува кусите прости реченици (расказни, прашални и извични) со правилна реченична интонација;<br><br>-поврзува реалија со конкретна именка;<br>-разликува природен и граматички род;<br>-користи именки во соодветен род и број;<br>-правилно употребува различни заменки во различни искази; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | однесуваат на поминати дејства, дејста во одвивање и дејства кои треба да се случат;<br><br>-се изразува правилно употребувајќи ги деловите на реченицата во соодветен зборoред;<br><br>-се изразува правилно употребувајќи ги деловите од реченицата и знаејќи ја нивната функција во реченицата;<br><br>-користи повеќе кратки реченици во низа за свое претставување, за опис (на предмети, луѓе и сл.)<br><br>-раскажува со помош на прашања, по слика или низа на слики и илустрации;<br>-раскажува самостојно според доживеан настан или случка (во неколку реченици); | Раскажување<br><br>(дел од текст, расказ или дел од прочитана лекција по одреден предмет)<br><br>Структура на реченица (подмет, прирок, предмет, прилошки определби)<br><br>Опишување на предмети и суштества, домот непосредната околина<br><br>Опишување процеси со набљудување, набројување | и усвојување на изговорот на броевите од 1 до 1000 .<br><br>Се осмислуваат и користат разни видови на нагледност – аудитивна и визуелна, како основа за симулирани комуникациски ситуации.<br>Се вежбаат формите за учтиво зборување и однесување.<br><br>Активности во кои наставникот поставува поттикнувачки прашања за развивање дискусија.<br>Наставникот осмислува, креира и користи нагледни средства во функција на успешна реализација на планираните содржини.<br>Раскажување на сознанија и искуства од училиштето, семејството и непосредното опкружување.<br><br>Вежби во функција на именување и опишување на предмети и суштества.<br>Учениците по сопствен избор од бои да обојат делови од слики коишто не се обоени (дом).<br>Разговор за просториите во домот и предметите во нив.<br><br>**Методи:** интерактивен метод/ метод на комуникација | -ги сопоставува именките, придавките и заменките по род и број во исказите кои ги користи<br><br>-разликува дејства со кои се изразува сегашност од дејства со кои се изразуваат поминати дејства;<br>-се запознава со идно време со кое се изразуваат дејства по моментот на зборувањето;<br>-користи соодветно време при куси обиди за раскажување;<br><br>-раскажува користејќи кратки реченици;<br><br>-репрудуцира со помош на слики и фотографии;<br>-именува и опишува со помош на наставникот;<br>-опишува со помош на прашања, предмети, сликаи и сл.<br>-опишува самостојно користејќи куси реченици. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Поими: опишување, раскажување, зборување, збор, реченица, текст, именка, заменка, глагол, придавка, број | (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текст-метод; метод на компарација. | |

| 3. | **Читање** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Резултати од учење**<br><br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>-чита и разбира едноставни текстови од различни функционални стилови;<br><br>-чита зборови и реченици со интонација соодветна на интерпункцискиот знак на крајот од реченцата; | **Содржини и поими**<br><br>Читање и обработка на текст (лексика и граматички структури)<br>(видови текстови карактеристични за одделението кое го посетува со поголем акцент во објаснувањето на лексиката односно содржината на текстот)<br><br>Читање и одговарање на прашања поврзани со текстот | **Активности и методи**<br><br>Вежби за читање куси текстови. Наставникот одбира текстови и читаат со ученикот. Се објаснува непознатата лексика.<br><br>Вежби за читање реченици или текст во зависност од запирките во реченицата и од интерпункциските знаци на крајот од реченицата.<br><br>Читање на глас на едноставни реченици и кратки текстови со позната и претходно обработена лексика. | **Стандарди за оценување на постигањата**<br><br>**Ученикот/ученичката може да:**<br>-чита зборови напишани со печатни и ракописни букви;<br>-чита реченици со неправилна реченична интонација;<br>-чита бавно, но со соодветна реченична интонација;<br>-чита течно со правилна реченична интонација; |

| 3. | **Читање** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -одговара на усно поставени прашања и прашања што ќе ги прочита поврзани со текст или со одредено случување;<br>-составува прашања според содржината од прочитан текст;<br><br>-чита со разбирање кратки и едноставни текстови како и сегменти од одредени содржини од редовната настава; | Читање и дискусија за теми/зборови/фрази од другите предмети<br><br>Читање во себе и гласно читање.<br>Читање различни прозни и поетски текстови<br><br>Читање со разбирање текстови во кои е употребена лексика од училишните предмети<br>(обид за раскажување во кратки и едноставни реченици)<br><br>Поими: читање, разбирање, коментар, објаснување, опис | Текстови за читање во себе и за гласно читање од различни функционални стилови, сообразени со способностите, интересите и потребите на учениците. Содржината на текстовите е во функција на тематско-комуникациските целини на наставната програма, но и со лексиката од одредени наставни предмети.<br>Се води разговор во врска со прочитан текст и се прават трансформации во врска со глаголските времиња, модалната структура на реченицата, потврдни-одречни реченици, прашања-одговори итн.<br>Вежби за проверка на разбраноста на прочитаната содржина, како дел од читањето со разбирање – *да/не*-прашања, вежби со поврзување, вежби со повеќечлен избор, дополнување реченица.<br>Поврзување прашања и одговори и сл.<br>**Методи:** метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текст-метод. | -одговара на прашање со позната содржина;<br>-составува едноставни прашање во врска со содржината на текстот;<br>-поставува едноставни прашања за добивање дополнителна информација;<br>-коментира кусо за одредена прочитана содржина (убаво е, ми се допаѓа, добро е...)<br><br>-одговара на да/не прашања;<br>-чита одредена лексика;<br>-поврзува и чита кратки реченици со позната лексика. |

| 4. | **Пишување** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Резултати од учење**<br><br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>-пишува реченици со правилен финален интерпункциски знак по диктат;<br><br>-одговара писмено на прашања;<br><br>-пишува реченици, дијалози и друг вид куси текстови, што ги составува според барања на наставникот;<br><br>-самостојно составува кратки белешки, пораки, запишува термини и поими од прочитани текстови; | **Содржини и поими**<br><br>Правописни правила – гласовна промена едначење по звучност<br><br>Употреба на интерпункциските знаци<br><br>Пишување кратки состави на зададена тема(со правилна употреба на различните видови зборови со соодветна категорија)<br><br>Пишување реченици со правилна структура и соодветен зборoред<br><br>Пишување реченици со соодветни интерпункциски знаци (Модална карактеристика на реченицата)<br><br>Пишување на | **Активности**<br><br>Вежби за пишување на печатните и ракописните букви (големи и мали) на македонската кирилична азбука.<br>Вежби за споредување на графиските симболи за истите или за сличните гласови во македонскиот јазик и во мајчиниот јазик на учениците.<br><br>Вежби за правилна употреба на графиски знаци – интерпункциските знаци точка (.), прашалник (?), извичник (!) и запирка (,) – правилна интонација на речениците и на делови од речениците, во зависност од интерпункцискиот знак.<br><br>Вежби за дополнување на празни места во реченицата. | **Стандарди за оценување на постигањата**<br><br>**Ученикот/ученичката може да:**<br>-правилно пишува македонски кирилични (печатни и ракописни) букви;<br>-пишува едноставни зборови и реченици;<br>-пишува реченица и-правилно ги употребува интерпункциските знаци.<br><br>-препишува реченици.<br>-дополнува празни места во реченици со испуштени делови;<br>-составува самостојно реченици.<br><br>-одговара писмено со кратки одговори; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -пишува броеви од 1 до 1000 и десетки со зборови. | куси текстови од практичен карактер распоред, план за работа по денови, забелешки од слушање текст,<br>Составување и пишување куси реченици на изучени теми, теми поврзани со наставните предмети кои ги изучува;<br><br>Поставување прашања и давање одговори на теми со кои се сретнува<br><br>Текстови со основни форми на изразување: издвојување информација, запишување податок, раскажување со кратки реченици.<br><br>Поими: текст, информација, исказ, дијалог, правопис и правописни правила. | Вежби во поставување прашања и давање одговори според одредена тематска-комуникациска целина.<br><br>Вежби за пишување текст со куса порака - на ливче, СМС или е-пошта<br>Јазични игри: бесилка, брза географија, крстозбор, пополнувалка и др.<br>(Зборовите да бидат од лексиката карактеристична за комуникациско-тематската целина.)<br>Вежби за препишување зборови или краток текст со позната лексика.<br><br>Вежби за пишување броеви од 1 до 1000 десетки и стотки со зборови.<br>**Методи**: аудио-визуелен метод, аудио-лингвален метод, интерактивен метод/ метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност, метод на споредување, метод на анализа и синтеза. | -препишува едноставни информации;<br>-пишува кратки и едноставни пораки во кои се заблагодарува, извинува или честита;<br>-ги разбира кратките пораки кои се однесуваат на едноставните информации;<br><br>-препишува броеви со зборови;<br>-пишува броеви следејќи ги правописните правила за нивното запишување со збор. |

| | |
|---|---|
| ЛИСТА НА ЗБОРОВИ И ПОИМИ (во функција за усвојување на академскиот речник на ученикот/ученичката)<br><br>МАТЕМАТИКА<br>Брои, собира, одзема, множи, дели, запишува, подредува, споредува, заокружува, определува, решава.<br>Број, цифра, низа, единици, десетки, стотки, дропка, децимален број, стратегија, збир, разлика, позитивни и негативни броеви, резултат, пример, мерни единици за: време, должина, тежина, волумен.<br>Мало и големо, парен/непарен.<br>Нанапред, наназад.<br><br>ПРИРОДНИ НАУКИ<br>Мери, собира, избира, расте, развива, гмечи, тегне, загрева, лади, витка, кондензира, претвора, раствора<br>Забрзување, забавување, движење<br>Растение, животно, животна средина, светлина, топлина, сонце, делови од растение (корен, стебло, лист), енергија, семе, инструменти, храна, вода, репродукција, сетила, тело, мускули, коски, органи, вежби, лекови, живеалишта, докази, карпи, минерали, процес, постапка, материја, воздух, вода, почва, експеримент, материјал, својство, сила, тежина, маса, звук, висина, тон, сенка, струјно коло, батерија, магнет, полови на магнетот, жица, сијаличка, метали и неметали<br>Тврдо, меко, течно, гасовито. | |
| **Оценување на постигањата на учениците** | **СЛЕДЕЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ИЗУЧУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК**<br><br>Оценувањето на резултатите е во насока на мотивирање на учениците, обезбедување пријатна клима за работа и непосредна поддршка во усвојувањето на македонскиот јазик. Напредувањето на учениците постојано се следи во текот на наставата, и истото е со цел на учениците да им ја покаже реалната состојба во нивните знаења.Учениците во учењето на македонскиот јазик се оценуваат со различни форми на формативно оценување, кое е, пред сѐ описно и во функција на повратна информација за процесот на учење. Различните форми на формативното оценување со кои се следи напредокот се неопходни бидејќи ученикот кој доаѓа од друго говорно подрачје/друга земја има потреба постојано да биде следен во постигањата поради мотивирање за брзо напредување во наставниот процес и јазичното усвојување.<br>На крајот на посетувањата на часовите учениците добиваат писмена информација за своите постигнати јазични компетенции. |
| **Институција/<br>носител на програмата** | **Биро за развој на образованието (БРО)** |

| | |
|---|---|
| **Потпис и датум на донесување на наставната програма** | **бр. ___________**<br>**________________година**<br><br>________________________ |
| **Датум на ревизија** | |

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

**во функција на поддршка во изучувањето на јазикот наменета за**

**децата со странско државјанство или децата без државјанство, децата бегалци, барателите на азил, децата со статус на признаен бегалец, деца под супсидијарна заштита и деца под привремена заштита кои престојуваат во РСМ и се во редовна настава**

**(2)**

Скопје, 2021

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Македонски јазик во функција на поддршка во изучувањето на јазикот наменета за децата со странско државјанство или децата без државјанство, децата бегалци, барателите на азил, децата со статус на признаен бегалец, деца под супсидијарна заштита и деца под привремена заштита кои престојуваат во РСМ **и се во редовна настава** |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Одделение** | Програмата е наменета како поддршка во изучувањето на македонскиот јазик на децата со странско државјанство или децата без државјанство, децата бегалци, барателите на азил, децата со статус на признаен бегалец, деца под супсидијарна заштита и деца под привремена заштита кои престојуваат во РСМ **кои се во редовната настава.**<br><br>Програмата се користи за надополнување на знаењата од јазикот и е основа за индивидуализираната настава која наставникот ќе ја реализира во согласност со возраста на ученикот/чката, но во рамкте на предложените содржини овде. |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 1 час неделно |
| **Цели на наставна програма** | Ученикот/ ученичката:<br>-да се оспособи да слуша и разбира главните поенти на стандарден македонски јазик во искази, говори и обраќања;<br>-да се оспособи да слуша и разбира куси и едноставни соопштенија, пораки, радио и тв програми од личен или образовен интерес;<br>-да се оспособи да чита и разбира текстови напишани на јазик кој често се слуша и користи во опкружувањето и училиштето;<br>- да се оспособи за самостојно читање со разбирање кратки тексотви и текстови-лекции;<br>-да се оспособи за разговори за размена на информации на познати теми и активности(временски прилики, патувања, хоби, спорт);<br>-да се оспособи за користење на јазикот во функција на продукција на фрази и реченици во кои се опишува или раскажува нешто од непосредната околина и училиштето;<br>-да се оспособи да чита и пишува на македонски стандарден јазик белешки, пораки,кратки текстови со кус опис или коментар; |

| | |
|---|---|
| | -да се оспособи да составува краток врзан текст на изучени теми, теми поврзани со наставните предмети кои ги изучува;<br>-да знае да пронајде и издвои информација, податок, задача во текст од учебник или друго наставно помагало и да го објасни/коментира. |
| **Компоненти на наставната програма** | Слушање, зборување, читање и пишување |
| **Материјално-технички и просторни услови** | Наставата се организира во училница или во кабинет каде се обезбедени соодветни услови за разботи пропишани според Норматив донесен од министерот за образование и наука. |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата ја реализира предметниот наставник по Македонски јазик кој реализира настава во училиштето |

| | |
|---|---|
| **Граматички содржини** | Фонетика<br>Правоговор<br>Согласките на крајот на зборот<br>Акцентот на сложените зборови<br>Правописни правила за гласовната промена обезвучување на гласовите на крајот на зборот<br>Голема буква кај сложени географски поими, искажување националност, прекари, домашни миленичиња<br><br>Именки<br>Видови именки<br>Усогласување на именските зборови во именската група по род, број и определеност<br>Придавки<br>Придавки - категорија степен<br>Присвојни придавки форми образувани од именки<br><br>Заменки – видови заменки-лични, лично предметни и показни заменки<br>Граматички категории на заменките – лице, род и број<br><br>Броеви – правопис, читање и пишување на броевите до 1000<br><br>Глаголи<br>Граматичката категорија вид на глаголите – свршени глаголи, несвршени глаголи<br>Минато неопределено време<br>Идно време |

<table>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="3">Прилози, предлози и сврзници<br><br>Реченица - проста и сложена реченица<br>Прирок – глагол во лично глаголска форма<br>Сложена реченица</td></tr>
<tr><td colspan="2">Тематско-комуникациски целини</td><td colspan="3">Јас и другите –обврски и задолженија; изразување радост и тага, задоволство;<br><br>Моето семејство, слободно време: работно време; вербализации на ситуации од секојдневниот семеен живот; оброци и рецепти;<br>Училиштен живот- наставни предмети, распоред на часови, слободни активности и хоби, омилени спортови;<br>Игра и забава<br>Временски (метеоролошки) појави и околности<br><br>Мојот дом, мојата соба<br><br>Заедницата во која живеам -општина, опис на околината во која живеам и функција на објекти: театар, музеј, фабрика, трговски центар, продавници;<br><br>Сообраќај и патувања</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Резултати од учење<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:</td><td>Содржини и поими[2]</td><td>Активности и методи</td><td>Стандарди за оценување на постигањата<br>Ученикот/ученичката може да:</td></tr>
<tr><td colspan="5">Слушање</td></tr>
</table>

[2] Во оваа колона се дадени **предлог - содржини** за постигање на дадените резултати од учењето, истите можат да се модифицираат, но да водат кон постигање на дефинираните резултати од учење.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -го разбира значењето на зборовите и на куси искази што ги слуша;<br>-ја определува намената на текстот/исказот/говорот кој го слуша;<br>-слуша и разбира главни поенти и пораки од текстови и медиуми;<br><br>-слуша и разбира главни поенти во разговори и дискусии на одредени теми повразни со наставните содржини;<br><br>-слуша и разбира опис на непосредната околина, училиштето и училишниот живот, временски прилики и патувања; | Слушање и разбирање на лексички единици – зборови, текстови, соопштенија, говори, описи.<br><br>Јас и другите –обврски и задолженија; изразување радост и тага, задоволство;<br><br>Моето семејство, слободно време: работно време; вербализации на ситуации од секојдневниот семеен живот; оброци и рецепти;<br>Училиштен живот- наставни предмети, распоред на часови, слободни активности и хоби, омилени спортови;<br>Игра и забава<br>Временски (метеоролошки) појави и околности<br><br>Мојот дом, мојата соба<br><br>Заедницата во која живеам -општина, опис на околината во која живеам и функција на објекти: театар, музеј, фабрика, трговски центар, продавници;<br><br>Сообраќај и патувања | **Активности**<br>Игра: погодување значења на слушнати зборови според уредени правила за погодување;<br>Игра: точно/погрешно за слушнатите зборови или нивната коректна употреба во исказ;<br>Слушање искази и препознавање на нивната вистинитост и нивната граматичка коректност.<br>Вежби со повеќечлен избор на одговори.<br>Слушање текстови со правилен зборовен акцент и правилна реченична интонација. Слушање текстови во кој доминираат сложени зборови правилно акцентирани.<br>Учениците слушаат текст во кој се испуштаат некои зборови со кои реченицата е непотполна, се дискутира за пополнувањето.<br>Вежби со текстови преку кои ученикот ќе разликува искази во кои дејството е искажано во сегашно време односно во минато определено време: свршено и несвршено или пак во идно време.<br><br>Разговорни вежби (во кои е нагласено значењето на гестовите, мимиките, јазикот на телото); разговорни вежби со укажување на начинот на артикулација на гласовите со нагласено покажување на поставувањето на | -препознава и реагира (вербално и невербално ) на насоки од наставникот;<br>-објаснува и коментира за значењето на зборовите од различните комуникациски целини;<br>-слуша текст/дијалог определувајќи го функционалниот стил;<br>-слуша, разбира и коментира информации од различни контексти<br><br>-го разбира значењето на најчесто користени зборови во опкружувањето;<br>-ја разбира лексиката која се користи во секојдневното општење во околината и во училиштето;<br>-слуша и коментира кратки информации поврзани со секојдневието;<br>-слуша и разбира најчесто користени зборови и фрази во лекциите од наставните предмети кои ги посетува; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -регистрира звуково изговор на гласови (звучни согласки на крајот на зборот) од македонскиот јазик и го разбира нивното запишување;<br><br>-препознава и разликува акцент на зборовите/сложените зборови во македонскиот јазик;<br><br>-слуша и препознава именки како вид зборови со кои се именуваат лица, предмети, појави и поими;<br>-слуша и разликува именки во нивните граматички категории - род и број;<br><br>-препознава придавки и ја знае нивната улога;<br><br>-препознава и ги разликува личните заменки во македонскиот јазик;<br>-препознава и ги разликува форми на личните заменки и показните заменки од | Согласките на крајот на зборот<br>Акцентот на сложените зборови<br><br>Именки<br>Видови именки<br>Усогласување на именските зборови во именската група по род, број и определеност<br>Придавки<br>Придавки - категорија степен<br>Заменки – видови заменки-лични, лично предметни и показни заменки<br>Граматички категории на заменките – лице, род и број<br><br>Броеви –читање и правописно пишување на броевите до 1000<br><br>Глаголи<br>Граматичката категорија вид на глаголите – свршени глаголи, несвршени глаголи<br>Минато неопределено време<br>Идно време<br>Прилози, предлози и сврзници | органите од артикулацискиот апарат (местото на јазикот во однос на забите и на непцето, позицијата на усните и сл.).<br>Вежби со замена на гласови во зборовите (баба-жаба, лаже-каже)<br><br>Вежби за слушање на правилното акцентирање во македонскиот јазик, со посебни вежби за слушање втросложно и третосложно акцентирање.<br><br>Вежби за слушање правилна реченична интонација во поединечни реченици, во дијалог и во текст.<br><br>Наставникот користи илустрации, фотографии, постери со слики на предмети, суштества, појави од кои ќе произлезе аудитивен, слушен материјал за препознавање и групирање на именките.<br>Слушање текстови заситени со различни видови именки од трите рода и во формите за еднина и множина (во едноставни реченици и куси дијалози и текстови).<br><br>Илустрации или видео записи како поттик и мотивација за опишување при што фокус се придавките и правилната употреба во пишан или | -изговара правилно гласовите од македонскиот гласовен систем;<br>-посочи зборови со втросложно и со третосложно акцентирање;<br>-препознава и коментира правилно и неправилно акцентирање на сложените зборови;<br><br>-именува лица, предмети, појави и поими со именки од македонскиот јазик;<br>-посочува примери за именки од трите рода и во формите за еднина и множина;<br><br>-препознава придавки;<br>-сопоставува именка и придавка во исказ;<br>-слуша и препознава правилно употребена придавка во примери и реченици; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | македонскиот јазик во слушнат текст;<br><br><br><br>-разбира глаголски форми за сегашно, идно и за минато определено време и минато неопределено време;<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>-разбере краток текст со позната лексика на одредена тема;<br>-изложи накусо содржина од слушнат текст, со одвојување на важните информации; | Текстови од македонски автори во согласност со возраста на учениците и со предвидените тематско-комуникациски целини и единици. | вербален исказ/реченица со именката.<br>Слушање текст (од аудиоснимка или прочитан од наставникот) во кој е претставен дијалог што го водат машки и женски глас.<br>Ученикот по секоја реплика, во зависност од гласот што го слуша, треба да ја употреби соодветната заменка за трето лице (таа или тој).<br><br>Разговорни вежби за едноставни дијалози и разговори според комуникациски модели од живиот јазик (во продавница за облека, во книжарница, на улица итн.), во кои се застапени глаголските форми за сегашно и за минато определено време.<br>Слушање текст (од аудиоснимка или прочитан од наставникот) во кој е претставен дијалог што го водат машки и женски глас.<br>Ученикот по секоја реплика, во зависност од гласот што го слуша, треба да ја употреби соодветната заменка за трето лице (таа или тој).<br>Разговорни вежби за едноставни дијалози и разговори според комуникациски модели од живиот јазик (во продавница за облека, во книжарница, на улица итн.), во кои се застапени глаголските форми за сегашно и за минато определено време.<br>Дискусии на тема: Ја посетувам секцијата./активноста ...... | -разликува лични заменки и форми на личните заменки;<br>-разликува и применува лични заменки и форми на личните заменки;<br><br>-слуша и разбира текстови во кое е употребено сегашно време;<br>-слуша и разбира текс/исказ во кој е употребено минато определено или минато неопределено време;<br>-разликува слушнат текст и исказ во кој е употребено идно време;<br><br><br><br><br>-интерпретира пораки од слушнат текст;<br>-идентификува ликови од слушнат текст;<br>-поттикнува разговор или се вклучува во разговор на теми поврзани со слушнатите текстови. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Поими: акцент, интонација, модалност, согласки, обезвучување, говор, комуникација. | Симулирање говорни ситуации поврзани со празниците (Нова година, Велигден, Бајрам и др.).<br>Слушање текстови од аудитивни/аудо-визуелни снимки или прочитани од наставникот.<br>Разговорни вежби во врска со слушнатите текстови.<br>**Методи:** метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен); метод на демонстративност; текст-метод. | |

| **Ред. број** | **Резултати од учење**<br><br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Стандарди за оценување на постигањата**<br>**Ученикот/ученичката може да:** |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | **Назив на тематско подрачје /компонента - Зборување** | | | |
| | -изговара и употребува правилно во куси дијалози и разговори зборови и фрази од соодветната тематско-комуникациска целина;<br>-учествува во разговори за размена на информации на познати теми и активности (временски прилики, патувања, хоби, спорт, училиште, непосредна околина ); | Слушање, разбирање и зборување со употреба на познати и нови зборови во искази, дијалози, соопштенија, говори, описи.<br><br>Јас и другите –обврски и задолженија; изразување радост и тага, задоволство;<br><br>Моето семејство, слободно време: работно време; вербализации на ситуации од секојдневниот семеен живот; оброци и рецепти; | **Активности**<br>Говорни вежби за повторување зборови, куси искази и реченици.<br>Вежби за водење кус разговор, дијалог, игри, говорни симулации според темите, со нагласување на специфичната лексика од сите зборовни групи и на граматичките форми од тековната учебна година. | -изговара правилно нови зборови и да ги употребува во соодветни јазични контексти;<br>-се поттикнува и да се вклучува во дијалог или во разговор поврзан со секоја од тематско-комуникациските целини;<br>- користење на јазикот во функција на продукција на фрази и реченици во кои се опишува или раскажува нешто од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -разликува звучни и безвучни согласки и препознава обезвучување на согласките на крајот на зборот;<br><br>-препознава и да разликува правилно и неправилно акцентирање на зборовите во неговата стандардна јазична форма;<br><br>-употребува различни видови реченици по модалност и ги разликува сите типови реченична интонација<br><br>-препознава и разликува видови именки и припадност кон граматички род определувајќи го и бројот на именката; | Училиштен живот- наставни предмети, распоред на часови, слободни активности и хоби, омилени спортови;<br>Игра и забава<br>Временски (метеоролошки) појави и околности<br><br>Мојот дом, мојата соба<br><br>Заедницата во која живеам -општина, опис на околината во која живеам и функција на објекти: театар, музеј, фабрика, трговски центар, продавници;<br><br>Сообраќај и патувања<br><br>Согласките на крајот на зборот<br>Акцентот на сложените зборови<br><br>Именки<br>Видови именки<br>Усогласување на именските зборови во именската група по род, број и определеност<br>Придавки<br>Придавки - категорија степен<br>Присвојни придавки форми образувани од именки | Вежби за правилен изговор на согласките – самостојно и во состав на збор, во различно гласовно опкружување и во различна позиција (иницијална, медијална и финална);<br>Разговорни вежби со укажување на начинот на артикулација на гласовите со нагласено покажување на поставувањето на органите од артикулацискиот апарат (местото на јазикот во однос на забите и на непцето, позицијата на усните и сл.).<br><br>Вежби за правилно акцентирање на зборовите од македонскиот јазик (второсложен и третосложен акцент).<br>Фонетски вежби за препознавање различна реченична интонација.<br>Вежби за правилен изговор на реченици со расказна, со прашална и со извична интонација.<br>Разговорни вежби – зборување (дијалози и разговори) со почитување на правилната реченична интонација.<br><br>Вежби за разликување на конкретните и апстрактните различните видови именки и нивните граматички категории.<br>Говорни вежби за класифицирање на именките според граматичкиот род, со изговорно нагласување на | непосредната околина и училиштето;<br><br>-ги изговара правилно самогласките и согласките од гласовниот систем на македонскиот јазик;<br>-прави разлика помеѓу самогласки и согласки, помеѓу звучни и безвучни согласки;<br>-правилно да акцентира;<br>-го определи типот на реченицата според интонацијата;<br>-изговара правилно реченици различни според интонацијата;<br><br>-наведува примери за различни видови именки;<br>-наведува видови именки во различен контекст и во конкретни реченици; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -во своите искажувања правилно ги усогласува именките и придавките по род, број и определеност;<br><br>-препознава и разликува придавки и придавки употребени во степенувана форма;<br><br>-го разбира значењето на присвојност кај придавките и начините на кои се образуваат присвојни придавки од именки;<br><br>-препознава и разликува во разговор лични заменки и форми од личните заменки;<br><br>-препознава и разликува во разговор кратки форми на лични заменки со присвојно значење;<br>-препознава и разликува показни и лично-предметни заменки; | Заменки – видови заменки-лични, лично предметни и показни заменки<br>Граматички категории на заменките – лице, род и број<br><br>Броеви –читање и правописно пишување на броевите до 1000<br><br>Глаголи<br>Граматичката категорија <u>вид</u> на глаголите – свршени глаголи, несвршени глаголи<br>Определување глаголски групи<br><br>Минато неопределено време<br>Идно време<br>Прилози, предлози и сврзници | завршокот на зборот – самогласка или согласка.<br>Вежба за натпреварувачко набројување поголем број именки различни по вид, преку играта „На буква, на буква“.<br><br>Наставни активности за работа на учениците индивидуално, во двојки, во групи или фронтално:<br>кажување што повеќе придавки во состав со една именка на дадена именка (џемпер – црвен, волнен, тесен, широк, мал, голем, убав…);<br>групирање според род и број (мал, мала, мало, мали; шарен, -а, -о, -и);<br>опишување и споредување на место, личност, настан, предмет со примена на знаењата за придавките;<br>образување присвојни придавки од именки (дете – детски, детска, детско, детски; татко – татков, таткова, татково, таткови)<br>разговорна игра Погоди што е, погоди кој е<br><br>Вежби за примена на кратки и долги форми од личните заменки:<br>Те видов кога падна.<br>Мене ми кажаа да дојдам.<br>Вежби за трансформација на дел од реченица со именка/предлог и именка во дел од реченица со долга заменска форма (Ја виде | -наведува именки од трите граматички рода во соодветен број;<br>-составува реченици и учествува во дијалог и во разговор и употребува правилни граматички форми од различни видови именки;<br><br>-користи придавки при опишување личности, ликови, појави, предмети, поими итн.<br>- да ги користи правилно придавките во состав со именка во однос на граматичкото согласување по род и број;<br>-ја образложи разликата помеѓу именките и придавките во однос на граматичката категорија род;<br>-образува присвојни придавки од именки;<br><br>-препознава различни форми од лични заменки; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | наставничката. – Ја виде неа. Му се јави на Перо. – Му се јави нему.)<br>Вежби за трансформација на дел од реченица со присвојна заменска придавка и именка во дел од реченица. | -применува различни форми од лични заменки |
| | -го разбира значењето на броевите со определена (точна) вредност;<br>-правилно чита и пишува броеви со точна вредност; | Текстови од македонски автори соодветни на возраста на учениците и на предвидените тематско–комуникациски целини и единици<br><br>Поими: разговор, дискусија, исказ, реченица, проста и сложена реченица, подмет, прирок,предмет, именка, заменка, придавка, број, глагол, глаголски времиња | Разговорни вежби наставник-ученик и ученик-ученик - прашања и одговори што содржат броеви, а поврзани со одредена определена тематско-комуникациска целина.<br>Вежби со читање датуми, години, спортски резултати, пишување и читање адреси, кажување телефонски броеви.<br>Вежби за определување глаголски групи и определување вид на глаголите. | -препознава прости и сложени броеви при искажување определена бројност;<br>-употребува број и сложени броеви во примери; |
| | - разбира и употребува искази во кои се употребени глаголските форми за сегашно и за минато определено време;<br>- разбира и употребува искази во кои се употребени глаголските форми за идно и за минато неопределено време; | | Разговорни вежби за препознавање и за определување глаголска група.<br>Вежби за кажување глаголи од трите глаголски групи и од двата глаголски вида – разговорна игра Брза морфологија.<br>Разговорни вежби за образување глаголски форми за сегашно, за минато определено од трите глаголски групи со осврт на глаголската форма за сегашно време. | -го толкува значењето на глаголите според граматичката категорија време;<br>-правилно ги употребува во зборувањето глаголските форми за сегашно и за минато определено време и минато неопределено време;<br>-дава примери од секојдневниот живот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -препознава и користи предлози во говорен исказ;<br><br>-разликува проста од сложена реченица;<br>-користи прости и сложени реченици<br><br>-разбере и коментира содржина на слушнат или прочитан текст;<br>-зборува за содржинските целини во текстот. | | Разговорни вежби во кои е нагласена употребата на предлозите.<br><br>Вежби: Преку кратки и едноставни текстови ученикот знае да посочи и употреби проста и сложена реченица<br><br>Ученикот рецитира и игра јазични игри; учествува во дијалози и кратки драматизации; љубезно ги формулира своите барања; опишува, споредува; селектира зборови во зависност со кого комуницира.<br>Вежби за раскажување во прво и во трето лице.<br>Вежби во раскажување слушнат текст или гледан филм.<br>Разговорни вежби опишување. пејзаж, личности, предмети, растенија и др.<br>Вежби за гласно читање и за рецитирање поетски творби со едноставна структура на стихот, строфата и римата.<br>Дискусии на различни теми:<br>Јас играм....<br>Бев на концерт на...<br>Во мојата соба имам....<br>Живеам на улица...<br>Сакам да одам на улица... | употребувајќи ги глаголските форми за сегашно и за минато определено време и минато неопределено време;<br><br>-споредува и коментира искази и текстови во различни времиња;<br><br>-правилно да ги употребува глаголските форми за сегашно време, минато определено време и за минато неопределено време;<br><br>-посочува предлози во примери;<br>-употребува правилно предлозите при зборувањето;<br><br>-препознае и разликува проста и сложена реченица;<br>-употреби проста и сложена реченица;<br>-се изразува со неколку последователни реченици, прости и сложени<br><br>-определи со каква содржина е текстот; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Методи:** метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текст-метод. | -опише пејзаж или личност;<br>-раскаже настан;<br>- интерпретира (со свои зборови) содржина на слушнат или на прочитан текст. |

| **3.** | **Читање** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Резултати од учење**<br><br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>- разбира прочитани текстови со содржина поврзана со тематско-комуникациските целини;<br>-забележува граница помеѓу содржинските целини во текстот;<br><br>-определува време на дејството / настанот во текстот;<br><br>-чита со разбирање препознавајќи важни информации во текст;<br><br>- чита со разбирање текстови со различна содржина и лекции од различни предмети; | **Содржини и поими**<br><br>Слушање и разбирање на лексички единици – зборови, текстови, соопштенија, говори, описи.<br><br>Јас и другите –обврски и задолженија; изразување радост и тага, задоволство;<br><br>Моето семејство, слободно време: работно време; вербализации на ситуации од секојдневниот семеен живот; оброци и рецепти;<br>Училиштен живот- наставни предмети, распоред на часови, слободни активности и хоби, омилени спортови;<br>Игра и забава<br>Временски (метеоролошки) појави и околности<br><br>Мојот дом, мојата соба<br><br>Заедницата во која живеам -општина, опис на околината во која живеам и функција на | **Активности и методи**<br><br>Вежби со куси текстови дополнети со илустрации.<br>Насочувачки прашања за разбирање на содржината односно на зборови во текстот/исказот.<br>Вежби за гласно читање; разговор за прочитан текст; прашања за проверка колку е разбрана прочитаната содржина.<br>Вежби за поврзување зборови, зборовни состави и реченици со содржината на делови од даден текст.<br>Вежби со читање мени, мапа, плакат, постер и слично.<br>Вежби за изведување и формулирање клучна мисла на содржински делови од текст или на цел текст од страна на учениците.<br>Вежби за составување прашања за делови од текст или за цел текст од страна на учениците. | **Стандарди за оценување на постигањата**<br><br>**Ученикот/ученичката може да:**<br>-издвојува непознати зборови во текст;<br>-прашува за текстот и одговара на поставени прашања за текстот;<br>-пронаоѓа определена информација или определено интониран дел во даден текст;<br>-чита и коментира правилно за прочитаното, самостојно и според насочувачки прашања;<br>-чита со разбирање различни видови текстови и коментира за нив. |

| 3. | **Читање** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | објекти: театар, музеј, фабрика, трговски центар, продавници;<br><br>Сообраќај и патувања<br><br>Текстови за читање со едноставна, јасна и интересна содржина, преземени од различни функционални стилови.<br><br>Текстови за читање содржини од различни наставни предмети (објаснување вокабулар, превод и читање со разбирање)<br><br>Текстови од македонски автори соодветни на возраста на учениците и на предвидените тематско – комуникациски целини и единици.<br><br>Поими: читање, читање со разбирање, содржина, дел, целина, коментар, објаснување | Вежби за подредување реченици во параграф/ или редење на параграфи во текст.<br>**Методи:** метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текст-метод. | |

| 4. | **ПИШУВАЊЕ** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Резултати од учење**<br><br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:** | **Содржини и поими**<br><br>Голема и мала почетна буква: почетна буква во реченицата, сопствени именки, називи на празници; институции, објекти, административни единици; временски периоди-денови, датуми и месеци, | **Активности и методи**<br><br>-Вежби за диктат и автодиктат, пишување искази, реченици и кратки текстови, пишување на испуштени зборови во реченица. Дополнување празни места во реченици со подмет и прирок, | **Стандарди за оценување на постигањата**<br><br>**Ученикот/ученичката може да:**<br>-пишува правилно зборови во однос на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -го применува правилото за пишување голема почетна буква;<br>-се придржува на правописните правила во македонскиот јазик;<br>-пишува краток текст употребувајќи зборови и фрази граматички и семантички точни;<br>-изведува заклучоци од текстови и јасно ги (за)пишува. | годишни времиња; жители на населени места.<br><br>Правописни правила за гласовната промена обезвучување на гласовите на крајот на зборот (и едначење по звучност)<br><br>Слеано и разделено пишување на зборовите – поздрави, сложени броеви и приближна бројност, сложени глаголски форми, негирани глаголски форми, кратки заменски форми со присвојно значење (повторување)<br><br>Пишување кратки текстови по зададени теми<br><br>Пишување описи (предмети, ликови, личности, процеси и појави)<br><br>Поими: правопис, правописни правила, текст, прашања и одговори, коментар | предмет, составување проста и сложена реченица<br>Вежба: Наставникот дава задача за диктат, со нагласување да се внимавана пишувањето на големата буква и на интерпункцијата.<br>Вежби за пишување на описи на опкружувањето, домот, собата, училницата, природата.<br>Вежби во составување краток текст според поставени насоки или прашања.<br>Составување краток текст по илустации; опишување на личности и предмети; коригирање на намерно направени грешки во однос на голема почетна буква кај лични имиња, географски поими, националност; мала почетна буква кај денови, месеци, жители на населени места; подредување на зборови во правилен реченичен ред...<br>Изработка на честитки за одредени празници, симулација на претстава по повод одреден празник и сл.<br>Забелешка: Во рамките на увежбувањето на оваа вештина се потенцира значењето на користењето на правописните правила.<br>**Методи**: интерактивен метод/ метод на комуникација (монолошки, дијалошки и | правилата за пишување голема и мала почетна буква и за слеано и разделено пишување;<br>-употребува правилно интерпункциски знаци;<br>-раскажува точно користејќи ги личноглаголските форми за сите лица во сегашно, идно, минато определено време и минато неопределено време;<br>-опишува користејќи именски зборови во точна форма според нивните граматички категории;<br>-напише краток текст според поставени насоки или прашања. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | разговорен – устен и писмен);<br>метод на демонстративност,<br>метод на споредување, метод на анализа и синтеза. | |

| | |
|---|---|
| **ЛИСТА НА ЗБОРОВИ И ПОИМИ**<br><br>(во функција за усвојување на академскиот речник на ученикот/ученичката) | МАТЕМАТИКА<br><br>Брои, собира, одзема, множи, дели, запишува, подредува, споредува, заокружува, определува, пресметува, претвора, опишува, решава<br><br>број, цифра, низа, единици, десетки, стотки, дропка, децимален број, стратегија, збир, разлика, позитивни и негативни броеви, резултат, пример, мерни единици за: време, должина, тежина, волумен, плоштина и волумен, геометриски слики и геометриски фигури, проценти, размер, пропорција, решение, степен, степенов показател, равенка, линеарна равенка, непознат број, функции, загради, агол: надворешен и внатрешен агол, алгебра и геометрија, симетрија, графикон<br><br>мало и големо, парен/непарен, нанапред, наназад<br><br>БИОЛОГИЈА организми, локална и поширока околина, клетки, растение корен стебло, лист, цвет, плод и семе, фотосинтеза, минерални соли, габи, бактерии и вируси, почва, атмосфера, обвивка, озон, екологија, еколошки системи, живеалишта, фактори, адаптација, хормони<br><br>ХЕМИЈА метали и неметали, легура, елементи на периоден систем, атоми, молекули, електрони, хемиски симболи, јадро, негативнии позитивни јони, елетронски пар атомски број, валентност, методи, анализа, синтеза, соедининие, хемиска равенка, јаглородни соединенија, физички промени и хемиски реакзии, кисели, базни и неутрални раствори, ковалентност<br><br>ФИЗИКА<br><br>Сила, брзина, забрзување, гравитација, време, еластичност, истегливост, енергија, светлина, темнина, звук, рефлексија, сенка, стакло, воздух, вода, ѕвезда, сонце, фрекфенција на звучни бранови, висина и фрекфенција на звук, струја, струјни кола, отпор, магнет, густина. |
| **Оценување на постигањата на учениците** | Оценувањето на резултатите е во насока на мотивирање на учениците, обезбедување пријатна клима за работа и непосредна поддршка во усвојувањето на македонскиот јазик. Напредувањето на учениците постојано се следи во текот на наставата, и истото е со цел на учениците да им ја покаже |

| | |
|---|---|
| | реалната состојба во нивните знаења.Учениците во учењето на македонскиот јазик се оценуваат со различни форми на формативно оценување, кое е, пред сè описно и во функција на повратна информација за процесот на учење. Различните форми на формативното оценување со кои се следи напредокот се неопходни бидејќи ученикот кој доаѓа од друго говорно подрачје/друга земја има потреба постојано да биде следен во постигањата поради мотивирање за брзо напредување во наставниот процес и јазичното усвојување.<br>На крајот на посетувањата на часовите учениците добиваат писмена информација за своите постигнати јазични компетенции. |
| **Институција/<br>носител на програмата** | **Биро за развој на образованието (БРО)** |
| **Потпис и датум на донесување на наставната програма** | **бр. 12-10554/2<br>07.09.2022 година** |
| **Датум на ревизија** | |